# СООПШТЕНИЕ ЗА ПРВАТА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

# ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

се известуваат студентите на ВТОР ЦИКЛУС студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека првата испитна сесија во учебната 2025/2026 година ќе се одвива во периодот од:

**20 јануари 2026 до 13 февруари 2026**

(неработен ден - 27.01.2026 г. Свети Сава – за граѓаните припадници српската заедница).

**Термините за полагање на испитите, се дефинираат во договор со предметните професори**.

Студентите во првата испитна сесија, можат да полагаат испити по предметите слушани во зимскиот семестар во учебната 2025/2026 година и испити по предметите слушани во летниот семестар во учебната 2024/2025 година, како и да им е уредно запишан зимскиот семестар во учебната 2025/2026 година.

**НАПОМЕНА 1** - рокови и начин на пријавување на испитите

Задолжително електронското пријавување на испитите во i-know системот, ќе се одвива од 22.12.2025 до 19.01.2026 г. Во i-know системот, сесијата се води како: 2026 (Зимска) прва испитна сесија. Право на полагање на испит, ќе имаат само оние студенти кои уредно ќе го пријават испитот.

| Што значи уредно пријавен испит? |
|---|
| **1.** Студентот задолжително треба да го пријави испитот електронски , преку својот профил во iknow системот во дефинираниот рок, согласно Календарот на активности. (кратко упатство, подоле)<br>**2**. Студентот покрај задолжителното електронско пријавување на испитот, на денот на полагање на испитот треба да носи со себе индекс и пријава за испит (хартија) |

Студентите ги пријавуваат само испитите по предметите кои планираат да ги полагаат во сесијата преку својот профил во iknow системот, во полето пријави, без разлика каде ги слушале.

**Задоцнето пријавување испит** Доколку не го пријавиле испитот во дефинираниот рок, студентите, уплаќаат 1.000,00 денари надоместок за задоцнето пријавување испит, односно задоцнето електронско пријавување на испит по рокот.

Надоместокот за задоцнето пријавување испит, студентите треба да го уплатат преку своите профили во iknow системот преку Модулот **документи**, селектираат **Барање за задоцнетопријавување на испит (од 2024**) со што ќе им се овозможи да ја извршат уплатата во износ од 1000,00 денари. После реализирањето на уплатата, студентот задолжително порака на ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk со кратка содржина: број на индекс и кој испит треба да му се пријави со задоцнување.

**Подршка и комуникација со студентите**

Доколку имате недоследности поврзани со податоците во вашето електронско досие (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, на ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk – Соработник за втор и трет циклус студии

За заборавена лозинка, промена на електронска адреса и др., пратете порака, во која задолжително да се напише опис на проблемот, име и презиме на студент и електронска адреса со која е регистриран во системот, на следнава електронска адреса: stefan@pmf.ukim.mk

**Кратко упатство**:

Во полето "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој одзапишаните предмети. Во ова поле се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во периодозначен од одделението за студентски прашања. Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги „чекиравте“ во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето “пријави” одбраните предмети се пријавуваат за одбраната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар.

24.12.2025 година

Од Деканатот